Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 127/15, 192/15 и 39/16), Општина Битола, на ден 13.12.2018 година, донесе:

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ, кој се носи согласно Одлука за отпочнување на постапка за изработка на ЛУПД за изградба на објекти со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, на КП бр. 442/1, КО Дихово вгр, Општина Битола, кој го донесува Општина Битола потребно е да се спроведе Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ ЛУПД за изградба на објекти со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, на КП бр. 442/1, КО Дихово вгр, Општина Битола, се определуваат следните: Министерство за животна средина и просторно планирање и Општина Битола.

3. За планскиот документ ЛУПД за изградба на објекти со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, на КП бр. 442/1, КО Дихово вгр, Општина Битола, за чија изработка е одговорно Министерство за животна средина и просторно планирање, а го донесува Општина Битола, донесувањето на планскиот документ ЛУПД за изградба на објекти со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, на КП бр. 442/1, КО Дихово вгр, Општина Битола, ќе има влијание врз животна средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: економски развој на Општина Битола и населено место Дихово, заштита на природата, почвата, водата воздухот, здравјето на луѓето и употреба на земјиштето.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Битола на следната веб адреса/и: www.bitola.gov.mk

6. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Општина Битола во рок од 15 дена од денот на објавувањето на веб страната.

Бр.08 - 874/18
13.12.2018
Општина Битола

ГРАДОНАЧАЛНИК

**Наташа Петровска**

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | ЛУПД за изградба на објекти со намена Г2 лесна и незагадувачка индустрија, на КП бр. 442/1, КО Дихово вгр, Општина Битола |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Градоначалник |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Битола |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Славчо Димовски, |
| Назив на работното место | советник |
| Контакт податоци за лицето | Славчо Димовски, тел. 047/ 208-317 |

**Основни податоци за планскиот документ**

**Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)**

ЛУПД ќе се изработи врз основа на методологија која произлегува од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр:199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилник за поблиската содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПВНМ .....(Сл Весник на РМ бр. 142/15) Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ. бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), Основа за изработка се Планска програма со тех. бр. 05/2018 и услови за планирање на просторот Y10518 и Решение за услови за планирање на просторот бр. УП1-15 1232/2018 од 27.09.2018

**Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?**

Да √
Не

**Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?**

/

**Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.**

ДА – просторно и урбанистичкото планирање.

**Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да<br>Не √ | Член: 3 | Точка:13 | Алинеја: 15 |

**Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.**

Да, планскиот документ е ЛУПД за изградба на објекти со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, на КП бр. 442/1, КО Дихово вгр, Општина Битола

**Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**

Површина на планскиот опфат е 8281м$^2$.

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

Целта на изработката на ЛУПД е да се овозможи оформување на една градежна парцела со намена лесна индустрија (Г2) од катастарската парцела КП 442/1, (сопственост на инвеститорот), пристапот до градежната парцела е од планиран пристапен пат (кој ќе се приклучи на постојан локален пат, како и развој на населено место Дихово.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Планирање на просторот.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

/

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

/

Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)

| |
|---|
| **Границата на планскиот опфат е дефинирана со Геодетски елаборат за посебни намени за ажурирана геодетска подлога за КП 442/1, КО Дихово вгр и изнесува 8281м².** |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да √<br>Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да √<br>Не |

<table>
<tr><td colspan="2">Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Имплементацијата на планскиот документ нема битно влијание врз животната средина и здравјето на луѓето. Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од: Несоодветното управување со генерираниот отпад, отпадните води, несоодветното управување на почвата при изведбените работи.</td></tr>
<tr><td>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;</td><td>При реализација на планскиот опфат предвиден со планската документација се очекува движење на возила и механизација, но тоа е краткотрајно и нема битно да влијае врз животната средина во целост. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот.</td></tr>
<tr><td>Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето</td><td>Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето.</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата;</td><td>Нема прекугранични влијанија.</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);</td><td>Ризикот по животот на луѓето и животната средина е минимален, може да се јават како резултат на несреќи, пожари и хаварии.</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).</td><td>Населеното место Дихово се наоѓа во близина на град Битола, влегува во територијална поделба на Општина Битола, во подножјето на Баба Планина и има околу 1000 жители</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Областа со реализација на планскиот опфат ќе добие зголемена вредност. Планскиот концепт е поставен врз основа на анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планската програма. Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт. Истиот е условен и од мерките за заштита и спасување.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Не постојат податоци дека во рамки на предметниот опфат има регистрирано културно наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Со реализација на планот се предвидуваат парцели за изградба на објекти со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема влијание, |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ престставува рамка за спроведување на проекти и други активности во однос на локацијата, природата, големината, условите за работа или според одредување на ресурсите:**

Со планската документација како што е назначено, не се предвидува изградба на објекти за кои е предвидено спроведување на постапка за ЕИА (оценка на влијанието врз животната средина).

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Планскиот опфат се наоѓа на територијата на Општина Битола, во непосредна близина на зоната за сервиси и малостопанство предвидена во ГУП на град Битола.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Имплементацијата на планот ќе придонесе за развој во Општина Битола н.м. Дихово. Но, од аспект на животната средина во оперативната фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:
Воздух: зголемена фрекфенција на возила, работни активности на објектите;
Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства, а исто така и од работните активности кои ќе се изведуваат;
Вода: на предметната локација се очекува да се генерираат санитарни и атмосферски отпадни води;
Почва: несоодветното управување со отпадот генериран во рамките на планскиот опфат може да го наруши квалитетот на почвата;
Природно и културно наследство: во близина на предметната локација нема информација за

постоење на заштитени добра од културното наследство. Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство (Сл. Весник на РМ бр 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство;
Пејсаж: планскиот опфат не располага со карактеристичен природен пејсаж;
Транспорт: зголемена фрекфенција на возила.
Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:
- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;
- придонес во локалната и национална економија.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**

На предметниот простор се предвидува изведба на водоводна, фекална и атмосферска инфраструктура. Со реализација на планот потребно е да се обезбеди задолжително собирање на отпадните води од објектите до пречистителна станица.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

За ЛУПД за изградба на објекти со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, на КП бр. 442/1, КО Дихово вгр, Општина Битола како показател користени се одредбите од Условите за планирање на просторот изработени од Агенцијата за планирање на просторот - Скопје, Република Македонија. Исто така, овој план е поврзан со:

- Просторен план на РМ;
- Стратегија за управување со води во РМ 2008-2020;
- Национален план за управување со отпад;
- Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за демографски развој на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ**

За прв пат се изработува урбанистичко планска документација и до сега не е изработен Извештај за Стратегиска оценка на влијанието врз животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Градоначалник<br>Наташа Петровска |
| Датум<br>Место Битола<br>13.12.2018 | М.П. |

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

15 -02- 2019

213

СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно
планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.18,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта:
infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov.mk

Архивски бр. УП1-15 1772/2018

Дата: 11. 02. 2019

Општина Битола
Бул. 1-ви Мај бр. 61
7000 Битола
Република Македонија

Предмет: Известување
Врска: Ваш бр. 31-1719/2017 од 26.12.2018

Почитувани,

Во врска со Вашето барање доставено до Министерство за животна средина и просторно планирање-Сектор за просторно планирање под бр. УП1-15 1772/2018 од 27.12.2018 год. поврзано со постапка за носење на планска документација измена и дополна на ЛУПД за изградба на објекти со намена Г2 лесна и незагадувачка индустрија на КП бр. 442/1, КО Дихово вгр. - Општина Битола, Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина („Службен весник" бр: 53/5, 81/5, 24/7, 159/8, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15 и 129/15, 39/16 и 42/16) Вашата Одлука за спроведување на Стратегиска оцена за влијание на животната средина и формуларот, Министерството за животна средина и просторно планирање ги прифаќа.
Одлуката заедно со формуларите задолежително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Со почит,

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
м-р Јани Макрадули

Република Македонија Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје

Изработил: Милева Тагасовска

Проверил: Сашо Апостолов

Одобрил: Неби Реџепи